РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Примено: 03-07-2024
Организациона единица | Број | Прилог | Вредност
690

**ДО**
**ОПШТИНА БИТОЛА**
Сектор за правнонормативни административни и општи работи
Одделение за административни и општи работи
ул. Булевар 1-ви Мај бр. 61, 7000 Битола

**Б А Р А Њ Е**
**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Примено: 04-07-2024
Организациона единица | Број | Прилог | Вредност
11 - 78/1

**ОД** [redacted]

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Македонија бр. 13/06, бр.86/08, бр.6/10, 42/14, бр.148/15 и бр. 55/16) , од имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

Како подносител на ова барање за пристап до информација од јавен карактер барам од Општина Битола, а согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер да ми го достави основниот проект односно целокупната законска документација за реконструкција на улицата Милтон Манаки (населба Недоприливи), а во која документација се содржани нивелета, подложен пресек и стационажи и се однесуваат на горенаведената улица.

Начин на кој барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

Форма во која се бара информацијата:
- а) увид
- б) препис
- в) **фотокопија**
- г) електронски запис
- д) друго

Начин на доставување на информацијата:
- а) **по пошта или**
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) **друго- ќе го подигнеме лично**

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер )

**Битола, 02.07.2024 година**

[redacted]

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Одделение за комунални дејности

Бр.11-78/2
04.07.2024

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-78/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Евгенија Чукалева

Примил:
04.07.2024

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање, заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште**

Одделение за комунални дејности и уредување на градежно земјиште

**Бр.32-сл од 05.07.2024г.**

**До**
**Лице за посредување при остварување**
**на слободен пристап до информации**
**од јавен карактер**
**Евгенија Чукалева**

Предмет: Одговор на барање за пристап до инфорамции од јавен карактер

Почитувани,

Во врска со Вашето барање бр.11-78/2 од 04.07.2024г. за пристап до информации од јавен карактер, со кое подносителот [redacted] бара да му биде доставен основниот проект за реконструкција на улицата Милтон Манаки (нас.Недопирливи),
Ве известуваме дека поради обемност на проектот и соодветната документација советуваме да се пристапи кон увид во проектната документација на градилиште или во просториите на Општина Битола (координатор Тони Стојчевски- Одделение за комунални дејности).

Со почит,

Изработил: Наташа Кочовска
Контролирал:Тони Стојчевски д.и.а.

Раководител на Одделение

______________________

Марјана Спасевска д.м.и.

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 306 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА
**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

Бр.11-78/4
09.07.2024

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted] поднесено на **04.07.2024 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

**СЕ УВАЖУВА** барањето на [redacted] по барање за пристап до информации од јавен карактер **бр.11-78** од **04.07.2024 година**, каде бара информација за основен проект односно целокупна документација за реконструкција на улица Милтон Манаки-населба Недопирливи (детален опис во прилог на Решението).

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот [redacted] поднесе барање за пристап до информации од јавен карактер заведено под број 11-78 на ден 04.07.2024 година. Во барањето наведе дека бара иноффрмација бара информација за основен проект односно целокупна документација за реконструкција на улица Милтон Манаки-населба Недопирливи

Врз основа на Барањето информација од јавен карактер имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата и прилозите:**

1. Копија од барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-78/1 од - 04.07.2024 година
2. Допис до Одделение за комунални работи со бр. 11-78/2 од 04.07.2024 година
3. Одговор од Одделение за комунални работи со бр. 11-78/3 од 04.07.2024 година

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во **Општина Битола** на 09.07.2024 година, под бр. 11-78/4

**Службенено лице за посредување при остварување**
**на правото на слободен пристап**
**до информации од јавен карактер**

**Евгенија Чукалева**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • ОПШТИНА БИТОЛА